# **И З В Е Ш Т А Ј**
## **за реализација на програмата за финансирање на активностите на општина Богданци во областа на социјалната заштита во 2022 година**

Програмата за Финансирање на активностите на општина Богданци во областа на социјалната заштита за 2022 година беше донесена од страна на советот на општината со **Бр.08-1960/18 од 29.12.2021** година. Врз основа на точка V Финансиски средства потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Богданци за 2022 година од Буџетот се обезбедени вкупно **890.000** денари.

Врз основа на точка V од програмата, формирана е трichлена комисија од страна на советот на општина Богданци. Комисијата ги разгледува сите поднесени Барања за финансиска помош и подготвува Извештај кој исто така го препраќа како предлог до Градоначалникот за понатамошна реализација, подготовка на Решенија и исплата по истите. Комисијата се состанува еднаш или двапати во месецот во зависност од потребите на граѓаните. Трансферите на средства се реализираа во текот на 2022 година.

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Богданци за 2022 година се обезбедени од буџетот на општината и тоа наменети за,

1. Социјална помош за категории на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови -----------------------------------------**370.000 ден**.
2. Социјална помош за социјално ранливи категории-ученици и деца од воспитните и образовните установи од територијата на општина Богданци-------------------------------------------------------------------------------------------------**100.000 ден**.
3. Организирање на одредени активности (екскурзии,набавка на опрема,уредување на простории и сл.) за децата со посебни потреби------**50.000 ден**.
4. Еднократна парична помош за новородени деца во 2022 година чии родители имаат постојано живеалиште во општина Богданци--------------------------**300.000 ден.**
5. Надоместок за престој во детска градинка на деца од самохрани родители -------------------------------------------------------------------------------------------------**70.000 ден**.

**Вкупно одобрени средства од Буџетот на општина Богданци -890.000 ден.**

**Вкупно реализирани средства согласно програмата се 921.327 денари и тоа:**

1. Социјална помош за категории на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови ---------------------------------------------------**426.662 ден**.
2. Социјална помош за социјално ранливи категории-ученици и деца од воспитните и образовните установи од територијата на општина Богданци-------------------**96.666 ден**.
3. Организирање на одредени активности(екскурзии,набавка на опрема,уредување на простории и сл.) за децата со посебни потреби-------------------------------------**33.333 ден**.
4. Еднократна парична помош за новородени деца во 2022 година чии родители имаат постојано живеалиште во општина Богданци--------------------------------------**294.441 ден.**
5. Надоместок за престој во детска градинка на деца од самохрани родители ---------------------------------------------------------------------------------------------------------**70.225 ден**.

Поради тоа што средствата од категоријата 1 беа надминати, а беа одобрени од страна на Комисијата за социјална помош, се изврши исплата на истите. Разликата од 31.327 денари се исплатени од конто 464 други трансфери.

**<u>Детален преглед по категории:</u>**

**Средства од точка 1**

Трансферот до физичките лица го реализира Градоначалникот на општината согласно Програмата за мерките и активностите на општина Богданци во областа на социјалната заштита, по претходно поднесено барање од лицата или од нивните старатели поткрепено со соодветна документација и одобрени од страна на Комисијата за социјална помош на Општина Богданци и тоа на следните категории на лица или нивни старатели. Предвидени средства за оваа категорија согласно програмата беа 370.000 денари.

**Категории на лица за социјална заштита**

1. Деца на улица (деца без родители и родителска грижа) – поднесено **1** барање и со решение исплатено **10,000 денари**

2. Лица со Инвалидност - поднесени **9** (девет) барања и со Решение исплатени **54.000** денари.

3. Деца со воспитно – социјални проблеми / нема поднесено барање.

4. Деца со пречки во ментален и телесен развој /поднесено **6**(шест) барања и со Решение исплатени **48.000** денари.

5. Деца од еднородителски семејства / - **нема** поднесено барање

6. Лица жртви на семејно насилство /**нема** поднесено барање.

7. Лица изложени на социјален ризик / поднесено **42** (четириесет и две) барања и со Решение исплатени **210.000** денари.

8. Лица засегнати со злоупотреба на алкохол и дрога / **нема** поднесено барање

9. Стари Лица без семејна грижа /поднесено **6** (шест) барања и со Решение исплатени **30.000** денари.

10. Лица на кои им е потребна итна хирушка интервенција. / поднесено **2**(две) барања и со Решение исплатени **20.000** денари.

11. Лица на кои им се потребни средства за патни трошоци до болница / нема поднесено барање.

12. Лица на кои им се потребни средства за патни трошоци до болница (со придружба ) / поднесено **1 (**едно) барање и со Решение исплатени **2.000** денари.

13. Лица на кои им е потребна медицинска дијагностика / поднесено **2** барање и со Решение исплатено **10.000** денари

Во 2022 година се одржаа 9 (девет) седници на Комисијата за разгледување на Барања за социјална парична помош врз основа на вкупно поднесени 70 (седумдесет) барања и се подготвија 9 (девет) Извештаи кои беа доставени до Градоначалникот за понатамошна реализација .

Вкупно поднесени 70 барање во 2022 година, од кои 69 се одобрени барања и исплатени, а едно барање одбиено.

Вкупно исплатени средства 384.000 денари и 42.662 денари персонален данок, односно вкупно **426.662** денари.

**Средствата од точка 2**

Предвидени средства за социјална помош за социјално ранливи категории-ученици и деца од воспитно образовните установи од територијата на Општина Богданци согласно програмата беа 100.000 денари.

Реализирани средства со Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот за 2022 година и тоа:

- На ООУ„Петар Мусев”-Богданци со Решение се исплатени 30.000 денари, пријавени се 20 ученици за оваа активност од страна на училиштето.
- На ООУ„Кирил и Методи” -Стојаково со Решение се исплатени 22.500 денари, пријавени се 15 ученици за оваа активност од страна на училиштето.
- На СОУ „Богданци” – Богданци со Решение се исплатени 22.500 денари, пријавени се 15 ученици за оваа активност од страна на училиштето.
- На ЈОУДГ„Коста Поп Ристов Делчев –Богданци со Решение се исплатени 12.000 денари, пријавени се 8 деца за оваа активност од страна на детската градинка.

Вкупно исплатено средства за социјално ранливи категории-ученици и деца од воспитно образовните установи од територијата на општина Богданци – 87.000 денари и 9.666 денари персонален данок, односно вкупно **96.666** денари.

**Средствата од точка 3**

Согласно Програмата за организирање на одредени активности (екскурзии и сл.) за децата со посебни потреби беа предвидени 50.000 денари

Од Дневниот центар за лица со умерена и тешка психофизичка попреченост во развојот –Гевгелија добивме Барање за доделување на средства од Програмата за социјална заштита на општина Богданци во која има предвидено средства за децата со посебни потреби. Врз основа на барањето во кое е наведено дека средствата им се потребни за набавка на фрижидер за сите корисници во дневниот центар потребни им се средства и за набавка на материјали кои ќе ги користат за одржување на изложба во АМАМ – Гевгелија ,изложба која секоја година се одржува во месец Декември.

За таа цел општина Богданци со Решение исплати 30.000 денари и 3.333 денари персонален данок, односно вкупно **33.333** денари, а од нивна страна се направи извештај за реализирање на оваа активност поткрепена со документи.

**Средствата од точка 4**

Согласно програмата за еднократна парична помош за новородени деца во 2022 година чии родители имаат постојано живеалиште во општина Богданци беа планирани 300.000 ден. за следните категории:

**Категории за еднократна парична помош за новородено дете**

**1.** Еднократна парична помош за првото дете родено во Новата година 10,000 ден.
**2.** Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2022 год.--- 5000 денари поединечно по дете.

-За првото дете родено во Новата година еднократно исплатени се 10.000 денари врз основа на поднесено1 (едно ) барање

-За секое новородено дете во 2022 година еднократно исплатени се 255.000 денари врз основа на поднесено 51 барања**.**

Вкупно поднесено 52 Барања по точка 4 од Програмата

Вкупно исплатено 265.000 денари и 29.441 денари персонален данок, односно вкупно **294.441** денари.

**Средства од точка 5**

Согласно програма за надоместок за престој во детска градинка на деца од самохрани родители беа предвидени 70.000 денари.

За таа цел од страна на општина Богданци исплатени се **70.225** денари, врз основа на фактури доставени од ЈОУДГ„Коста Поп Ристов Делчев –Богданци.

**Родова статистика**

При реализација на Програмата се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област.

Од „Социјална помош за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови” има поднесено вкупно 70 барање и тоа :

- од жени поднесено 31 барања
- од мажи поднесено 39 барања
- поднесено барање од жени а исплатено на мажи вкупно 3 барања
- поднесено барање од мажи а исплатено на жени вкупно 4 барања

Од „Категории за еднократна парична помош за секое новородено дете” има поднесено вкупно 51 барања и тоа:

- од жени поднесено 41 барање .
- од мажи поднесено 10 барања
- поднесено барањето од жени, а исплатено на мажи –нема поднесено такво барање
- поднесено барање од мажи а исплатено на жени вкупно 6 барања

Од „Категории за еднократна парична помош за првото дете родено во Новата година” има поднесено:

- од жени- поднесено 1 барање.

**Други активности**

Врз основа на Програмата за мерките и активностите на општина Богданци во областа на социјалната заштита во 2022 година и тоа како приоритет во областа на социјалната заштита односно, освен со помош од финансиски и материјални средства општината превзема и други активности кои најсоодветно одговараат на потребите на граѓаните и тоа:

1. Општина Богданци го организира превозот на деца со посебни потреби од територијата на општината до Дневниот центар во Гевгелија со превоз од такси компанија која редовно и беспрекорно ги завршува обврските за кои се договорени со општината.
2. Хуманитарна акција за собирање на облека и донирање на облека во текот на цела година. Секој работен ден службено лице вработено во канцеларијата за граѓани/странки е отворена за собирање на облека и донирање на истата. Организирано од страна на општината донирана е облека на повеќе семејства во текот на целата година, односно дел од нив се претходно пријавени како потенцијални за донација.
3. Како активност од страна на општина Богданци е направена и хуманитарна акција пред Божиќните празници и тоа –посета на социјално загрозени лица ,болни и изнемоштени лица и донирање на храна за поубави празници.
4. Општина Богданци заедно со СОУ„Богданци “односно неколку ученици кои се членови на Црвениот Крст ја оствариvме последната цел –собирање средства и донирање на средства (односно пакети со храна до најранливите семејства)за

Велигденските празници. Ги посетивме најранливите категории на граѓани и стари и изнемоштени лица и им донираавме пакети за поубави празници.

5. Соработката со Центарот за социјални работи и со училиштата, а се со цел идентификување на децата со социјални проблеми и обезбедување на соодветен третман на истите оди во добра насока и во текот на 2022 година е остварена средба со повеќе родители и деца и е дадена стручна помош на овие семејства од страна на стручни лица вработени во Центарот за социјална работа – Гевгелија.
6. Во 2022 година продолжи да функционира дисперзираното одделение на Центарот за социјална работа. Тие користат нова просторија за своите услуги и доаѓаат првиот петок од месецот.
7. Лицето кое работи на работното место –Упатување на граѓани/странки секој работен ден им помага на граѓаните во голем дел од барањата кои се од социјален карактер. Со ова се овозможува на жителите од нашата општина побрзо и поефикасно да ги остварат правата од социјална заштита во местото на живеење.

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**